# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОВИ НА СТОКА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ – НЕОФИЦИЈАЛНА ВЕРЗИЈА[1]

Член 1

Со оваа одлука се определуваат царинските гранични премини на кои, етил алкохол и други денатурирани алкохоли, алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино), цигари од тутун и нафтени деривати се предмет на постапување во врска во царинските постапки.

Член 2

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со патни превозни средства се врши на следните гранични премини:

- Богородица,
- Ќафасан,
- Табановце автопат,
- Блаце и
- Деве Баир.

На граничниот премин Стење и граничниот премин Блато се врши внесување и изнесување само на пратки со етил алкохол и други денатурирани алкохоли; алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино), а на граничните премини Делчево и Ново Село само пратки со нафтени деривати.

Член 3

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со железнички превозни средства се врши на следните гранични премини:

- Железничка станица Гевгелија;
- Железничка станица Табановце.

---

[1] Пречистениот текст на Одлуката е изготвен врз основа на текстот на Одлуката за определување на видови на стока кои се предмет на постапување на царинските органи на определени гранични премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2005 и 11/2013).
Пречистениот текст нема правна сила.
За правни цели во царинска постапка, единствено валидно се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници на Република Македонија.

На железничката станица Волково се врши внесување, изнесување и транзит преку царинско подрачје на Република Македонија, само со пратки со етил алкохол и други денатурирани алкохоли; алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино) и нафтени деривати.

Член 4

Внесување на царинското подрачје на Република Македонија, изнесувањето од него, како и транзитот преку царинското подрачје на Република Македонија, на пратките наведени во член 1 од оваа одлука со воздушни превозни средства се врши преку Аеродромот Скопје како граничен премин.

Член 5

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука, престанува да се применува Одлуката за определување на видовите на стока кои се предмет на постапување само на определени царински гранични премини („Службен весник на Република Македонија” бр. 65/04).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.01.2006 година.